# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Дирекција за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки

Бр. 16-4585/2 Скопје, 13.2.2020 година

**До *пазарните учесници и економски експерти***
**- за Управниот одбор**

Почитувани,

Народната банка на Република Северна Македонија заради остварување на својата цел за одржување стабилен, конкурентен и пазарно ориентиран финансиски систем на редовна, годишна основа, ќе започне да спроведува Анкетен прашалник за оценка на ризиците за финансиската стабилност во Република Северна Македонија. Оваа анкета ќе овозможи да се осознаат согледувањата на пазарните учесници и економски експерти за главните извори на ризици за финансиската стабилност во земјата и да се оцени довербата во стабилноста на домашниот финансиски систем.

Анкетата е достапна во електронска форма на интернет-страницата на Народната банка, во папката „Супервизија / Извештаи, показатели, презентации и обрасци / Анкети".

Одговорите на Анкетата ќе се сметаат како доверливи, ќе се користат исклучиво за аналитички цели на Народната банка, а ќе бидат објавени само во агрегирана форма.

Ве молиме да ја пополните Анкетата и да ја доставите до Дирекцијата за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки при Народната банка, најдоцна до 3.3.2020 година во електронска форма на следнава електронска адреса: MucevaE@nbrm.mk .

За сите прашања при пополнувањето на Анкетата обратете се до Љупка Георгиевска на тел. бр. 02/3108 – 155 или на е-пошта GeorgievskaL@nbrm.mk и до Елена Мучева Михајловска на тел. бр. 02/3108-128 или на е-пошта MucevaE@nbrm.mk вработени во Дирекцијата за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки.

Со почит,

Директор
Наташа Андреева